**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6478 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: програмските сервиси на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-а ставови 5, 7 и 9 од Изборниот законик**
     (5) *„За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со принципите за избалансирано покривање на изборите утврдени во членот 75-а од овој Законик“;*
     (7) *„Бесплатното политичко претставување на телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис треба да се емитува во периодот од 16,00 до 23,00 часот“;*
     (9) *„Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како 'бесплатно политичко претставување' во текот на целото времетраење на емитувањето“.*

6. **Констатации од надзорот:**

***<u>Бесплатно политичко претставување</u>***

Според одредбите од Изборниот законик, Јавниот радиодифузен сервис како целина, има обврска да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес. Законикот не посочува на кои програмски сервиси на МРТ се однесува обврската.

Со мониторингот реализиран во периодот на изборната кампања (од 21 ноември до 9 декември 2016 година), минути за бесплатно политичко претставување се регистрирани на двата телевизиски сервиси на МРТ (МРТ1 и МРТ2) и на Првиот канал на Македонското радио. Бесплатното претставување е емитувано во терминот утврден во Изборниот законик и соодветно и видливо означено во текот на емитувањето.

Податоците за искористениот простор што Јавниот радиодифузен сервис го отстапи за бесплатно политичко претставување се подолу во поединечните табели.

***МРТ1***

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:13:29 |
| Коалиција за промени и правда | 00:10:56 |
| Либерална партија | 00:10:57 |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:13:55 |
| Беса | 00:06:53 |
| Левица | 00:05:59 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:11:33 |
| ***Вкупно*** | ***01:13:42*** |

***МРТ2***

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:06:51 |
| Беса | 00:08:22 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:01 |
| ***Вкупно*** | ***00:17:14*** |

***Македонско радио 1***

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:14:06 |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:11:57 |
| Коалиција за промени и правда | 00:11:39 |
| Либерална партија | 00:10:50 |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:10:31 |
| Беса | 00:08:13 |
| Левица | 00:10:09 |
| ***Вкупно*** | ***01:17:25*** |

***Сектор за програмски работи***